РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр. 25 - 1379/ 2
26.02. 2010 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005 и 110/2008), член 20 став 2 и член 21 став 3 и 7 од Законот за техничката инспекција (“Службен весник на Република Македонија” бр. 88/08) , постапувајки по барањето на Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје бр. 03-49/1 од 02.02.2010 година , донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања**

1. Правното лице „ Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје“ ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на техничка опрема согласно член 2 став 1 алинеи 1,2,3,4,5,6,7,8 и 9 од Правилникот за користење на лифтови и транспортери („Службен весник на Република Македонија“ бр 26/09) и согласно член 2 точка а), точка б), точка в) и точка г) од Правилникот за користење на дигалки и индустриски транспортери („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/2009).

2. Правното лице од точка 1 на ова решение е должно постојано да ги исполнува условите од членовите 23 до 26 од Законот за техничката инспекција. Доколку правното лице престане да ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања, Државниот инспекторат за техничка инспекција е должен да го извести Министерството за економија веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на престанувањето на исполнувањето на условите.

3. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување.

Образложение

Правното лице „ Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт“** ДОО Скопје, до Министерството за економија – Државен инспекторат за техничка инспекција поднесе барање бр.18-183/1 од 02.02.2010 година, за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на лифтови, транспортери, дигалки и индустриски транспортери.
Државниот инспекторат за техничка инспекција со допис бр. 25 -1379/1 од 10.02.2010 година го извести Министерството за економија дека правното лице „Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје“, ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на лифтови, транспортери, дигалки и индустриски транспортери пред ставање во употреба и периодичен технички преглед на лифтови, транспортери, дигалки и индустриски транспортери во рамките на опсегот на акредитација: инспекција (контрола) на лифтови, дигалки и транспортери согласно член 2 став 1 алинеи 1,2,3,4,5,6,7,8 и 9 од Правилникот за користење на лифтови и транспортери („Службен весник на Република Македонија“ бр 26/09) и технички преглед и испитувања на техничка опрема согласно член 2 точка а), точка б), точка в) и точка г) од Правилникот за користење на дигалки и индустриски транспортери („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/2009).

Врз основа на Известувањето од Државниот инспекторат за техничка инспекција за исполнетоста на условите на правното лице за вршење на технички прегледи и периодични испитувања , решението за упис во трговскиот регистар, склучениот договор за осигурување од одговорност од штета од вршење на работи за технички прегледи и периодични испитувања, доказот за позитивен бонитет, доказот за вработеност на стручниот кадар и Сертификатот за акредитација Бр.ИТ – 024 од 29.01.2010 година издаден од Институт за акредитација на Република Македонија, се утврди дека се исполнети условите за донесување на ова Решение.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 20 став 2 и член 21 став 3 и 7 од Законот за техничката инспекција (“Службен весник на Република Македонија” бр. 88/08) , се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**Против ова Решение незадоволната странка има право да поведе управен спор во рок од 8 дена, од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија.

**МИНИСТЕР,**
**Фатмир Бесими**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

**ДОСТАВЕНО ДО :**
**- подносител на барањето**
**- ДИТИ**
**- архива**